РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 19-942/8
18.05 2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Ветеринарно сточарски центар
А.Д. ТОДОР ВЕЛКОВ
Бр. 09-71
02.05. 2018 год.
КУМАНОВО

# ДОГОВОР

**за заловување на бездомни кучиња на територија на Општина КриваПаланка**
Склучен на ден ----.04.2018 год. помеѓу следните

Договорни страни:

**1.Општина Крива Паланка** , со седиште . во ул.Св.Јоаким Осоговски бр.175 Крива Паланка , застапувана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски , (во понатамошниот текст – давател на услуги) од една страна и

2.**АД Ветринарно сточарски центар Тодор Велков** со седиште на ул. Доне Божинов бб 1300 Куманово , застапуван од управител Јовица Стојковски (во понатамошниот текст Носител на набавка – давател на услуга), од друга страна..

## Предмет на договорот

Член 1

Предмет на овој Договор е заловување на бездомни кучиња на територија на Општина Крива Паланка , врз основа на прифатената понуда по спроведена постапка за доделување на Договор за јавна набавка бр.19-942/2018 во рок од една година од денот на потпишување на договорот.

## Вредност на набавката

Член 2

Проценета вредност на набавката изнесува 300.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Плаќањето ќе се врши по следниве единечни цени во кои не е вклучен ДДВ до искористување на проценетата вредност предвидена за договорот:

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Опис** | **Един. мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **ДДВ** | **Единечна цена со ДДВ** |
| 1 | Заловување на куче скитник и транспорт до прифатилиште | број | 1 | 1.142,00 | 205,6 | 1.348,00 |
| 2 | Дневен трошок за престој на куче во прифатилиште | број | 1 | 94,00 | 16,92 | 110,90 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Лабораториско испитување на Лајшманија | број | 1 | 577,00 | 103,9 | 680,90 |
| 4 | Вакцинирање против беснило и антипаразитен третман | број | 1 | 476,00 | 85,68 | 561,70 |
| 5 | Кастрација / Ојаловување на машки кучиња | број | 1 | 952,00 | 171,40 | 1.123,00 |
| 6 | Кастрација (оварио-хистероктомија) на женски кучиња | број | 1 | 952,00 | 171,40 | 1.123,00 |
| 7 | Идентификација со чип | број | 1 | 761,00 | 137,00 | 898,00 |
| 8 | Идентификација со ушна маркица | број | 1 | 94,00 | 16,92 | 110,90 |
| 9 | Еутаназија (безболно усмртување) | број | 1 | 952,00 | 171,40 | 1.123,00 |

**Начин на плаќање**

Член 3

Плаќањето ќе се врши одложено во рок одложено во рок до **60 (шеесет) дена** од денот на прием на фактура и спецификација за извршените услуги потпишани од овластено лице назначено.

**Обврски на носителот на набавка – давател на услуга**

Член 4

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува услугите од член 1 на овој Договор да ги извршува со лица вработени на неопределено време и стручно оспособени (Лиценца ДВМ, Сертификати за заштита и благосостојба на кучиња скитници, Сертификат за анестезија и реанимација на животни,К урс за хумано фаќање и манипулирање со кучиња и управување со прифатилиште)

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува услугите од член 1 на овој Договор да ги извршува со користење на мамци – храна , мрежи, кафези, специјални стапови со сајла (омча ) ,амазонки дувалки, а заловените кучиња да ги смести во кафези и транспортира со моторни возила до објектите – прифатилиштата во кои секојдневно ќе им обезбеди хранење и напојување за времето додека се сместени во истите.

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува во објектите – прифатилиштата да обезбеди елементарна заштита на кучињата од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затварање согласно важечките законски одредби за заштита на животните и правилниците донесени од надлежните институции.

Носителот на набавката-давател на услуги заловување на кучиња скитници на територија на општината врши исклучиво во присуство на лице- преставник на давателот на услугите односно лице задолжено за комуналниод ред на јавните површини..

Носителот на набавка – давател на услуга не превзема никакви обврски доколку кучињата скитници направиле или направат штета на лица или имот на територија на општината пред заловување и по нивно враќање на место на заловување.

Носителот на набавка – давател на услуга превзема обврски да ја почитува и следи Програмата на за решавање на проблемот со кучињата скитници на Општина Крива Паланка

Докторот по ветеринарна медицина вработен или ангажиран од носителот на набавка – давател на услуга, во зависност од конкретната потреба и согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, ќе врши еутаназија, стерилизација, вакцинација и дехелминтизација на заловените кучиња

Кучињата што се вдомуват и враќат на место на заловување терба да покажат негативен резултат на Лашманија , и да се идентификуват со микрочип.

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува да води евиденција за извршените услуги.

**Обврски на договорниот орган – корисник на услуга**

Член 5

Договорниот орган – корисник на услуга превзема обврски доколку кучињата скитници направиле или направат штета на лица или имот на територија на општината пред заловување и по нивно враќање на место на заловување.

Договорниот орган. -корисник на услуги за заловување на кучиња скитници на територија на општината обезбедува присуство на лице- преставник на давателот на услугите односно лице задолжено за комуналниод ред на јавните површини.

Договорниот орган. -корисник на услуги за завршена работа заловување и враќање на кучиња прави Записник кој се потпишува од двете договорени страни

Доколку носителот на набавка – давател на услуга не се придржува кон обврските од овој Договор, договорниот орган – корисник на услуга може еднострано да го раскине Договорот.

**Рок на извршување на услугите**

Член 6

Носителот на набавка – давател на услуга е должен услугите од член 1 на овој Договор да ги извршува во рок од 3 дена по претходно барање од договорниот орган.

**Гаранција за квалитет**

Член 7

Изведувачот се обврзува дека квалитетно ќе ги извршува услугите кои се предмет на овој Договор и во согласност со прифатените стандарди и нормативи за извршување на таков вид на услуги.

**Заеднички одредби**

Член 8

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 9

Овој договор може да се измени или дополни само со взаемна согласност на договорните страни.

Член 10

Договорните страни се согласни евентуално настанатите спорови да ги решаваат првенствено спогодбено, а доколку спорот не го решат, надлежен за решавање е Основниот суд Куманово

Член 11

Овој договор е направен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја од договорните страни.

**Договорен орган**
**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**Носител на набавка**
**АД Ветринарно сточарски центар Тодор Велков**
**Управител**
**Јовица Стојковски**